СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 3766 /24
14.06.2022 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 13-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана на денешен ден 14.06.2022 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 13-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
На седницата се присутни 16 советници.Отсутни се тројца, ќе ни се придружат во текот на седницата.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од 11-та Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 31.05.2022 година.

Дали има забелешки по Записникот од 11-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот на 11-та Седница на Советот на Општина Кавадарци. Молам за гласање. Записникот едногласно е усвоен од 11 Седница на Општина Кавадарци.

Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес тоа:

1. Предлог-Решение за именување на членови во Управен Одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
2. Решение за именување на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци ;
3. Предлог-Статут на на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци ;
4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;

5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;
6. Предлог-Одлука за примање донација – Опрема за сензорна соба за Дневен центар за лица со попреченост од НАЛАС (Мрежа на националните асоцијации на локалните власти во Југоисточна Европа - Подружница-непрофитна странска организација-Скопје) и давање на донација на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци
7. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци;
8. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;
9. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци;
10. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
11. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„ Димката А Габерот„ Кавадарци;
12. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„Димката А Габерот„ с.Ваташа;
13. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООМБУ„Лазо Мицев-Рале„ Кавадарци;
14. Предлог-- Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на услови за приклучување на водоводната и канализациона мрежа од време карактер, донесена од Управен Одбор на ЈП„ Комуналец„ Кавадарци;
15. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување надоместок за приклучување на корисници на услуга на водоснабдителниот и канализационен систем, донесена од Управен Одбор на ЈП„ Комуналец„ Кавадарци;

Точка 16 се ИЗЗЕМА од Дневниот ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Предлог за изменување на Правилникот за плати, надоместоци на плата и други примања на вработените во ЈП за јавни паркиралишта,, ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ;

Молам за произнесување на Предлог предложената точка на Дневен ред. Кој е за. Едногласно усвоена. Констатирам дека е усвоена 16 точка

-Предлог за изменување на Правилникот за плати, надоместоци на плата и други примања на вработените во ЈП за јавни паркиралишта,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци,донесен од Управен Одбор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог Програма Традиционален фестивал , Гроздобер 2022,, поднесена од ИНОВАТИВА ГРУП Скопје

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 17. Тоа е

Предлог Програма Традиционален фестивал , Гроздобер 2022,, поднесена од ИНОВАТИВА ГРУП Скопје

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.22/2022, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 18.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.8/2022, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување (МАЛВП-30/2022);

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 20.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување ( МАЛВП-34/2022);

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред.Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред. Нема. Бидејќи нема други предлози целиот Дневен ред го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

Одиме кон точката 1 од денешниот Дневен ред на седницата закажана за денес..Тоа е

1. Предлог-Решение за именување на членови во Управен Одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Повели Претседателе.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет, драги почитувани колеги, медиуми, присутни, граѓани на Општина Кавадарци . За членови на Управниот Одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ се предлагаат: Марија Спанџова, Горан Ѓорѓиовски, Блаже Атанасов, Блаже Бебеџаков и Здраве Лазаров.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Претседателе. Дали има некој збор.Бидејќи никој не бара збор, предложените ги ставам на гласање. Кој е за. 15 за. 1 против.

2. Решение за именување на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Претседателе.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За членови на Надзорен Одбор на ова претпријатие се предлагаат: Анастасија Кујунџиќ, Марјан Митревски и Павле Луковски.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој бара збор. Предлогот го ставам на гласање. Кој е за. 15 за. 1 против.

3. Предлог-Статут на на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци ;

Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, Статутот на новото јавно претпријатие за вршење превоз го ставам на гласање. Кој е за. 15 за. Против. Воздржан. 1 воздржан.

4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата точка ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

6. Предлог-Одлука за примање донација – Опрема за сензорна соба за Дневен центар за лица со попреченост од НАЛАС (Мрежа на националните асоцијации на локалните власти во Југоисточна Европа - Подружница-непрофитна странска организација-Скопје) и давање на донација на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

7. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци;

Повели Претседателе.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За член на Училишниот Одбор на ООУ„Страшо Пинџур„ се предлага Светлана Ристова.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Молам за гласање. Кој е за. 10 за. Против 5. Воздржан. 11 за.

8. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За член на Тошо Велков Пепето Кавадарци се предлага Јулијана Стојкова.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за.11 за. Против. 5.

9. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За членови на ООУ Гоце Делчев се предлага Даниела Мукаетова.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Молам за гласање.Кој е за .Кој е за. 11 за. Против. 5.

10. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За член се предлага во ова Основно училиште Љупка Грозданова.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Молам за гласање.11 за. Против. 5.

11. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„ Димката А Габерот„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За член на Управниот Одбор на ОУ„ Димката А Габерот„Кавадарци се предлага Фруска Стојанова.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Молам за гласање 11 за. Против. 5.

12. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООУ„Димката А Габерот„ с.Ваташа;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За член на Управниот Одбор на ОУ„ Димката А Габерот„Ваташа се предлага Верка Јованова.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Молам за гласање. Кој е за. 11 за.

13. Предлог-Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Училишниот Одбор на ООМБУ„Лазо Мицев-Рале„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За член на Управниот Одбор на ООМБУ„Лазо Мицев-Рале„ се предлага Перо Арсов.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ајде ве молам за гласање. 11 за. Против. 5 против.

14. Предлог-- Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на услови за приклучување на водоводната и канализациона мрежа од

време карактер, донесена од Управен Одбор на ЈП„ Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, истата точка ја ставам на гласање. Кој е за. 15 за. 1 воздржан.

15. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување надоместок за приклучување на корисници на услуга на водоснабдителниот и канализационен систем, донесена од Управен Одбор на ЈП„ Комуналец„ Кавадарци;

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. 15 за, 1 воздржан.

16. Предлог-Одлука за изменување на Правилникот за плати, надоместоци на плата и други примања на вработените во ЈП за јавни паркиралишта„ ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. 14 за и двајца воздржани.

17. Предлог Програма Традиционален фестивал„Гроздобер 2022„ поднесена од ИНОВАТИВА ГРУП Скопје.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор .Повели Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Ја добивме Програмата за реализирање на традиционалниот фестивал Гроздобер 2022 година и ме радува тоа што после 2 години пауза заради здравствената криза со Ковид ќе има повторно Гроздобер. Имаме неколку забелешки во однос на Програмата , но за тоа нема да се задржувам сега. Сега ќе се задржам на еден дел за кој што имам прашање кое би сакал да ми биде одговорено, а тоа е делот каде што Општината плаќа за надоместок за пултови, шанкови, нивно изнајмување, тенди, шатори, дополнителни мали тенди, кои што ќе бидат користени од страна на угостителите, па прашањето ми е колкав е надоместокот, кој што треба да го платат угостителите за да ги користат тендите, односно да ги користат штандовите за време на Тиквешкиот Гроздобер во текот на 3 дена, кому му ги плаќаат тие пари, односно кому ги плаќале тие пари 2018 и 2019, последните 2 години кога имавме Тиквешки Гроздобер и кому треба да ги платат оваа година. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Ај ве молам од Општината претставникот за култура да се произнесе. Викнете ја Наташа или Сања. Можеме да продолжиме со седницата. Го расчистивме ова

барање на советникот Павле Маневски. Дали друг некој бара збор во врска со оваа точка.Повели Вуко Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги, Претседател на Совет, Градоначалник, граѓани, медиуми. Ја разгледав Програмата и мислам дека за во иднина треба да имаме некаков си компаративен модел, посебно во делот на ангажирање на артистите, заради тоа што тука имаме наведени одредени суми кои што не знаеме дека се реални и кога не знаеме одредена работа, може да се јават разни шпекулации и мислам дека треба од страна на компанијата која што ги организира овие културни настани да ни даде некаква си споредбен податок во однос на тоа како се ангажирани артистите на други јавни настани, претпоставувам дека горе доле со најголем дел од нив соработуваат, се со цел да знаеме дали истите се платени реално, пошто вака може само да шпекулираме и вториот момент во однос на оваа работа која што ја разговаравме исто и јас добив податок и затоа беше нашето прашање во делот на плаќањето на тој надоместок, бидејќи за мене е логично ако ние и плаќаме, мислам ни доставува финансиска конструкција во која што влегуваат шанкови, изнајмување шатори и слични работи, по мене е логично за користење на тој простор, кој што им го даваме на угостителите да плаќа на Општина Кавадарци, па после Општина Кавадарци од тие собрани средства да прави некаковси трансфер, а не да оде директно на самата фирма, мислам дека така е потранспарентно и така е правично, заради тоа што тие ипак на крај користат нешто што се нарекува јавна површина со која располага Општина Кавадарци. По мене тој момент е исто така спорен. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, медиуми, сограѓани. Значи во делот на организацијата на традиционалниот фестивал Тиквешки Гроздобер 22-ра година иста пракса, практика ја применуваме како и минативе години кога се организираше. Значи тие 3 дена целокупното располагање на Општина Кавадарци го даваме на Програмата. Програмата која што е донесена, ја имате сите и е помината како програма и целокупното организирање за Тиквешкиот Гроздобер е 10 500 000 денара за целокупниот трошок за предвидениот настан. Буџетот на Општина Кавадарци за истиот настан е 5 500 000 денари и 5 000 000 денари се очекувани донации и приходи од различни компании, пред се од компаниите кои се директно инволвирани во делот на производство и продажба на вино, меѓутоа и од општествено одговорни

компании, кои што секоја година даваат делумен придонес во делот на учеството на самиот Тиквешки Гроздобер. Одговорноста за организирање и за изнајмување на површината си ја превзема компанијата која што си има склучено договор по јавен повик за организирање на овој настан, така да Општина Кавадарци, ни во еден момент не изнајмува директно површина, ниту штандови, па и превзима одговорност, ни обврска во делот на правните последици во тој настан. Како Општина да сме транспарентни максимално објективно. По завршување на Гроздоберот Советот и Комисијата за култура си добива комплетна евиденција на приливи и одливи од компании кои што донирале во делот на организацијата на Тиквешкиот Гроздобер. Јас само сум за едно загрижен, а тоа ќе треба заеднички да го изменаџираме да тие 5 000 000 денари кои што остануваат како донации од различни компании, кои што треба да ги обезбедиме со оглед на ситуацијата која што ја имаме во делот на кризата и во делот на нестабилноста на компаниите околу нас да се потрудиме заеднички да тие средства бидат обезбедени како донација од општествено одговорни компании, компании кои што директно учествуваат во Тиквешкиот Гроздобер. Гроздоберот е еден јавен настан, настан каде што Општина Кавадарци годинава покрај Тиквешкиот Гроздобер го прославува и денот на град Кавадарци, почнувајќи со свечена седница, со доделување на повеќе признанија, меѓу кои и 7 – мо Септемвриски награди на наши сограѓани и личности кои се заслужени во делот на општеството и нормално завршува со тродневен настан, со дефиле, карневал и со учество на повеќе уметници. Во делот на цената на договарањето на уметниците кои што настапуваат. Да, малку е дискутабилно и чудно и никогаш немаш правилна цена, ниту на интернет е озваничена, ниту е некаде на некоја веб станица, едноставно е момент на тоа, прво дали имаш слобода на артистот од таков карактер, второ временскиот период кој што треба да настапува и трето политиката на секој менаџер кој што менаџира со артистот. Само еден пример ќе ви кажам. Имаме и еве ќе го именувам еден од кој што побаравме понуда заедно со со компанијата беше Ацо Пејовиќ, кој што на затворен простор, при продажба на карта, во било кој град во државава учествува за 18 000 евра , а за на отворен настан, од отворен карактер, каде што може секој да присуствува без надомест, неговата цена е 45 000 евра. Така да која е реалната цена сега. 18 000 евра или 45 000. Значи политиката на артистите е најверојатно дека кога настапува на отворен настан, наредните 6 или 7 месеци тој пазар му е затворен поради тоа што експлоатацијата во делот на настанот му е од јавен карактер и е бесплатна, дури има артисти кои што

и не се нафаќаат да учествуваат на вакви настани, така да мислам дека проверлива е таа работа и тие средства се уплаќаат на сметка, а пак ќе повторам јас верувам од пет направени свадби со пет исти музичари има 5 различни договори. Така да уметноста и свирката јас не можам да кажам колку кошта, апсолутно, така да отплилика тие се цените кои што ги знаете на артистите, се движат од 20 000 до 50 000 евра. А ако сакате да знаете точна информација, имаме званична понуда за Дино Мерлин, кој што ни беше желба да ни биде на овогодишниот Гроздобер, а ќе се потрудам верувам и вие ќе сакате со завршувањето на нашиот мандат, 25-та година да ни биде Дино Мерлин главен настан на Гроздоберот е сумата 150 000 евра. Е сега тоа е работа која што треба да ја изменацираме и да знаеме како да ја спроведиме. Значи реална цена истакната на полица нема, цената е од повеќе фактори зависи за да може да го добиете како цена. Мислам дека, ќе ги спомнам минативе години, кои што ги имавме, едни од поскапите артисти кои што ги имаме платено за Тиквешкиот Гроздобер, значи нашите средства кои што ги наменуваме од 5 500 000 ги наменуваме претежно за настаните, за изнајмувањето на вили и за тие работи, а донациските средства кои што ги даваат компаниите по однос на штанд, по однос на општествена одговорност, тие средства ги ... како средства за уметници или за музичари. Еден од најскапиот ни беше Здравко Чолиќ 50 000 евра го плативме 2019, претходната година имавме Цеца со 37 000 евра, Јелена Розга ја имавме со 14 000 евра. Така сега сечам на суми кои што ги памтам и оваа година најскапиот артист ни е Јелена Карлеуша со 35 000 евра. Значи 35 000 евра, таа сума е што е договорена и си бараат веднаш договор, 50% аванс и сигурен настап во делот на датумот кој што го има.Тоа е накратко што можам да одговорам, а ако можеме да изменацираме и нешто пониско, нема да се налутиме да ни спуштат цена, така да ќе биде објективно во делот на настанот. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор Предлог Програмата за традиционалниот Фестивал Гроздобер 22 година Иновaтива Груп го ставам на гласање. Заедно со Заклучокот за 50% авансно плаќање. Кој е за. 10 за. Воздржан. 6 воздржани. 10 за.

18. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.22/2022, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. 16 за.

19. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.8/2022, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

20. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување (МАЛВП-30/2022);

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

21. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување ( МАЛВП-34/2022);

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

23. Предлог-Решение за разрешување и именување на членови на Штаб за заштита и спасување на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по последната точка од денешниот Дневен ред.. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за. Едногласно усвоена.

Со тоа почитувани советници е исцрпен денешниот Дневен ред и 14-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци е затворена . Благодарам.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов